Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 3 став 2 Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерен оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги на ЈП Водовод и канализација –Скопје арх.бр.0202-4203/4 од 27.04.2022 година, а согласно Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈП Водовод и канализација – Скопје арх.бр.0302-7304/1 од 18.08.2024 година, и Одлуката за утврдување потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено време бр.0401-8706/1 од 11.12.2024 година, ЈП Водовод и канализација – Скопје објавува

ЈАВЕН ОГЛАС бр.03/2024

за вработување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација – Скопје за следнито работно место

1. **КДР0305Б03028 Оперативен техничар во Одделение - диспечерски центар во Сектор Дежурно информативни работи – 1 извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- за нивото Б3 стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.
- за нивото Б3 најмалку една година работно искуство во струката

**Потребни работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

Паричен нето износ на плата 33.750,00 денари

Распоред на работно време

- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

Рокот за пријава:

Рокот за пријавување по Јавниот огласот изнесува 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието која може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а истиот е објавен и на веб страната на претпријатието: www.vodovod-skopje.com.mk.

Потполнетите пријави се доставуваат во Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје на адреса ул.Лазар Личеноски бр.9 Скопје, контакт телефон 02/3073-010 лок 357 лице за контакт Горан Михајлов.

**Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:**

1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Уверение за општа здравствена способност (лекарско уверение)
3. Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
4. За работнито место свидетелства од I до IV година средно образование (фотокопија) и диплома за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар)
5. Доказ за работно искуство

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:

Фаза 1 – Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;

Фаза 2 - Интервју

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги